Градежно друштво
ГРАНИТ АД
Бр. 12-1896
20.03. 2024 год.
СКОПЈЕ

ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Врз основа на член 37 и 78 од Статутот на ГД Гранит АД Скопје и член 7 од Деловникот за работа на Надзорниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје, Надзорниот Одбор на 18-тата редовна седница, одржана на ден 20.03.2024 година, ја усвои и на Собранието му предлага да ја донесе следната:

## О Д Л У К А

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за работењето на Службата за внатрешна ревизија за период од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година.

2. Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно Член 415-а од Законот за Трговски Друштва, Службата за внатрешна ревизија го изработи Извештајот на работењето на истата во текот на 2023 година и го достави на одобрување до Надзорниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје. Во Извештајот, Службата за внатрешна ревизија ги има презентирано активностите кои ги има преземено во текот на 2023 година во поглед на ревизијата над законитоста, транспарентноста, правилноста и ажурноста во работењето на Друштвото. Дополнително, Службата известува и за следењето на усогласеноста на севкупното дејствување на Друштвото во согласност со Кодексот за корпоративно управување. Надзорниот Одбор констатира дека Службата за внатрешна ревизија делувала во согласност со принципите и стандардите за внатрешна ревизија, како и во согласност со политиката и процедурите за работење на Службата и од таа причина Надзорниот Одбор предлага Собранието на Акционери да го усвои Извештајот за работењето на Службата за внатрешна ревизија за 2023 година.

Претседател на Надзорен Одбор

Ивана Милковска Симева

Доставено до:
- Собрание на акционери
- Управен Одбор
- Служба за внатрешна ревизија
- Сектор за правни, кадрови и општи работи
- Сектор за финансии
- А р х и в а